MQS Сертифициран систем ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 20-2664/4
24-03-2025 20 год. / viti

# SWOT АНАЛИЗА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ЗА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ЗА 2025-2027 ГОДИНА

SWOT[1] претставува анализа на внатрешни предности и слабости на УПБВИ, како и можности и закани коишто доаѓаат од надвор. SWOT анализата, е изготвена за идентификација на силните и слабите страни, на предизвиците и заканите. SWOT е изготвен со цел да се предвидат активностите што треба да се преземат, да се подобрат силните страни, да се елиминираат слабостите, да се искористат предизвиците и да се оневозможи остварување на заканите или барем да се намали нивното влијание.

При разработување на SWOT анализата, земени се во предвид одредени слаби страни или закани, со помош на правилно насочување да бидат претворени во силни страни и предизвици, кои УПБВИ ќе може да ги искористи за подобрување и постигнување на предност во севкупниот развој на политиките кои се имплементираат во овој орган во состав на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Со помош на SWOT анализата, се направи скенирање на внатрешните и надворешните влијанија, на опкружувањето во кое дејствува УПБВИ, како орган во состав на Министерството, како и неговите релации со останатите сегменти-системи и потсистеми, со кои се гарантира социјалната и материјалната сигурноста на оваа категорија на граѓани.

Со SWOT анализата, се испитуваа силните страни и слабостите, како орган во состав на Министерството за социјална политика, демографија и млади, наспроти можностите и ризиците од опкружувањето и притоа се користеше како аналитичко средство со кое се направи првиот чекор во дефинирање на постојната и посакуваната состојба.

При изработката на оваа анализа, земена е во предвид временската димензија и во тој контекст, силните и слабите страни ги третираме низ призмата на сегашноста, втемелена на минатото, додека искористувањето на можностите

[1] S=STRENGTHS, еквивалент на македонски јазик значи- СИЛНИ СТРАНИ
W=WEAKNESSES, еквивалент на македонски јазик значи-СЛАБОСТИ
O=OPORTUNITIES, еквивалент на македонски јазик значи-МОЖНОСТИ
T=THREATS, еквивалент на македонски јазик значи-РИЗИЦИ

(предизвиците) и елиминирање на заканите (ризиците) ни ја претставуваат иднината на УПБВИ, како орган во состав на Министерството.

Во рамки на SWOT анализата, се опсервираше УПБВИ, како орган во состав на Министерството и притоа се зема во предвид нејзината внатрешна структура, надлежноста, одговорноста, силните и слабите страни, капацитетите-човечките и материјалните ресурси, опрема со која располага, условите за работа, како и заканите и предизвиците со кои се соочува во секојдневното работење.

Со оглед дека мисијата, визијата и целите на УПБВИ, како орган во состав на Министерството, се усогласија со целокупното опкружување, преку SWOT анализата, се согледаа интерните и екстерните фактори кои влијаат врз имплементацијата на политиките за оваа категорија на граѓани.

Со SWOT анализата се утврди моменталната стратешка позиција на УПБВИ, како орган во состав на Министерството, со цел да се согледа која стратегија најдобро и најефикасно би одговарала за потребите на оваа категорија на граѓани. Ова значи, дека предложениот Стратешки план може да се имплементира на адекватен начин, со цел проактивно да се излезе во пресрет на оваа категорија на граѓани.

| *__СИЛНИ СТРАНИ:__* | **ПРЕДИЗВИЦИ:** |
|---|---|
| • Дисперзирани подрачни единици за подобра комуникација со корисниците при остварување на правата од боречка и инвалидска заштита во РСМ и<br>• Редовна исплата на утврдените права за боречка и инвалидска заштита во РСМ. | • Подобрување на квалитетот на живот на корисниците од доменот на боречка и инвалидската заштита во РСМ;<br>• Јакнење на човечките капацитети согласно оперативните потреби на УПБВИ и<br>• Поголема социјална сигурност и интеграција во општеството на корисниците од доменот на боречка и инвалидска заштита во РСМ. |
| *__СЛАБИ СТРАНИ:__* | **ЗАКАНИ:** |

| | |
|---|---|
| • Дефицит на електронски систем (софтвер) за поврзаност на подрачните единици со Управата за прашања на борците и воените инвалиди;<br>• Забавена миграција на податочна евиденција на информации за корисниците за остварување на правата од доменот на боречка и инвалидската заштита во РСМ | • Дефицит на технологија за електронско поврзување на подрачните единици со Управата за прашања на борците и воените инвалиди;<br>• Недоволна комуникација со корисниците на правата од доменот на боречката и инвалидската заштита, поради недоволен број и несоодветна распореденост на извршители. |

министер
Fatmir Limani

Изработил: Д-р Зоран Вучев, раководител на одделение
Контролирал: Елена Манчева, помошник раководител на сектор
Одобрил: Зихра Мемети, раководител на сектор
Согласен: Fatmir Sabriu, државен секретар